РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-289/1
15-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-3223/1 од 27.12.2024 година, оформен по доставена пријава против ///, ///, ///, ///, ///, ///, /// и ///, членови на Управниот одбор на АД ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство ///.

Предметот со број 12-3223/1 од 27.12.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител - АД ///, на ден 27.12.2024 година, поднесена е пријава против ///, ///, ///, ///, ///, ///, /// ///, членови на Управниот одбор на АД ///, и оформен е предмет број 12-3223/1 од 27.12.2024 година.
Според наведеното во пријавата, посочените лица во периодот од септември 2020 година до септември 2021 година, во својство на членови на Управниот одбор на АД /// – ///, дозволиле без постоење на правна основа во просториите на АД /// да се одржува хигиена од страна на правното лице ///, и во врска со истото презеле

дејствија со кои го довеле друштвото во тешка финансиска состојба, предизвикувајќи дополнителни трошоци кои можело да бидат избегнати.
Во пријавата детално е опишана хронологија на настани кои наводно довеле до оваа состојба, од потпишување на договор за јавна набавка со /// во /// година до донесување на Пресуда на Основниот граѓански суд /// во /// година, со која АД /// – /// е задолжено да исплати во целост износ од /// денари, и Пресуда на Апелациониот суд /// од /// година со која посочената Пресуда на Основниот /// суд /// од /// година се потврдува.
Подносителот на пријавата изразува сомневање дека од страна на лицата против кои истата е поднесена, со ненавремено сервисирање на долгот кон правното лице ///, на АД /// – /// е предизвикана материјална и нематеријална штета.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
До Основното јавно обвинителство /// на ден /// година од страна на АД /// во државна сопственост – /// доставена е пријава против ///, /// и други, во која пријава се наведува дека членовите на управниот одбор на АД /// презеле противправни дејствија со тоа што не склучиле договор за одржување хигиена во деловните простории на правното лице со конкретен оператор – давател на услуги во временскиот период од месец септември 2020 година до август 2021 година при што му овозможиле на правното лице /// коешто со активен договор до месец септември 2020 година било задолжено да ја одржува хигиената во деловните простории на АД /// и понатаму да ја дава наведената услуга без притоа да има активен договор, сè до месец август 2021 година. Со таквото постапување од страна на членовите на управниот одбор и со ненавременото сервисирање на долгот кон ///, претпријатието АД /// паднало во задоцнување со ненавремено подмирување на долг за хигиеничарски услуги во вкупен износ од /// денари со камати и трошоци, утврден со правосилна Пресуда од ///година на Основниот /// суд ///, а поради овој долг сметката на претпријатието била блокирана.

Основното јавно обвинителство /// во врска со наводите од примената пријава има преземено дејствија при што постапувањето по истите сè уште е во тек.

Имајќи предвид дека по наводи кои се истоветни со наводите од пријавата врз чија основа е оформен предметот број 12-3223/1 од 27.12.2024 година веќе се преземени јавнообвинителски дејствија од страна на Основното јавно обвинителство ///, ДКСК констатираше дека за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата